РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ЛОЗОВО
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 0507-849/10
05.07 2024 год.
ЛОЗОВО

Република Северна Македонија
Општина Лозово
Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор

**ИЗМЕНА Бр. 2**

**на ПОВИК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПОНУДИ (ППП)**
**– Градежни работи за Реконструкција на уличното осветлување со енергетски ефикасни ЛЕД светилки во Општина Лозово**

**Идентификациски бр. на ППП:MK-MOF-CW-NCB-005/2-24**
**Издадена на ден: 05. 07. 2024**

**До сите потенцијални понудувачи и до сите фирми што го имаат преземено тендерскиот документ**

**Почитувани,**

Во врска со наведената набавка и согласно објавениот Повик за поднесување на понуди (ППП) за набавка на горенаведените градежни работи, како и согласно Сегмент I - Инструкции за Понудувачите (ИП) **клаузулитеИП 8 ИП 22.1 и ИП 25.1**, Ве информираме дека деловите од тендерската документација се изменуваат како што следува:

1. Соодветниот дел од ППП - Технички карактеристики, по поглавје Мостра од сите понудени типови ЛЕД светлински арматури., се додава ново поглавје кое гласи:

**Гаранција на понудените стоки**

***Гаранција на понудените стоки и обезбедување на сервис и резервни делови***

Носителот на набавката во целост гарантира дека испорачаната опрема (LED EE светилки) е во согласност со пропишаните стандарди и исправно функционира.

Гаранциските обврски спрема нарачателот-договорниот орган , кои се однесуваат на вградените електрични и механички составни делови, ги исполнува испорачателот – носителот на набавката (а не нивниот производувач).

По испораката на стоките – LED EE светилки, носителот на набавката е должен на договорниот орган да му обезбеди гарантен лист/гаранција со кој/а гарантира исправно

функционирање на светилките во текот на определено време-најмалку 7 години (или подолг период доколку понуди во понудата) , сметајќи од денот на техничкиот прием на стоките.

Постгаранцискит период изнесува 10 години. Во пост-гаранцискиот период носителот на набавката треба да обезбеди резервни делови и сервис за вградената опрема.

Понудувачот со понудата задолжително поднесува изјава со која ги прифаќа гаранциските услови, обврски во гарантниот рок и пост гаранцискиот период.

**2.** Соодветната клаузула од ППП - Сегмент II - Листа со податоци за понудата (ЛПП), D. Поднесување и отворање на понуди**: ИП 22.1 се менува и гласи:**

| | |
|---|---|
| **ИП 22.1** | **Само за целите за поднесување на понуди**, адресата на Работодавачот е:<br>Општина: Лозово<br>Краен рок за понесување на понуди е:<br>Датум: 15.07.2024<br>Време: 12:00 часот<br>Понудувачите ***нема да имаат*** можност понудите да ги достават по електронски пат. |

**3.** Соодветната клаузула од ППП - Сегмент II - Листа со податоци за понудата (ЛПП), D. Поднесување и отворање на понуди: **ИП 25.1 се менува и гласи:**

| | |
|---|---|
| **ИП 25.1** | Отворањето на понудите ќе биде на:<br>Адреса: Општина Лозово, ул. Маршал Тито бб<br>Приземје: сала за состаноци<br>Општина: Лозово<br>Држава: Македонија<br>Датум: 15.07.2024<br>Време: 12:00 |

**Сите други услови и барања наведени во тендерската документација остануваат исти и непроменети.**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ЛОЗОВО ОПШТИНА ЛОЗОВО

**Со почит,**
**Комисија за евалуација**

Стојан Пешевски_____________
Анкица Анакиева_____________
Александар Јакимовски__________